Врз основа на член 24-а став 17 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25), министерката за образование и наука донесе

# П Р А В И Л Н И К
**за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во средното образование**

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот и поблиските критериуми за организирање и изведување на натпреварите на учениците по поединечни предмети на општинско, регионално и државно ниво во средното образование.

Член 2

1) Натпреварите се организираат со цел вреднување и рангирање на знаењето, умеењето, вештините и способностите на учениците по одделни наставни предмети, области или квалификации во стручното образование.
2) Содржината на натпреварите е усогласена со возраста на учениците и се темели на наставните планови и програми за средното образование.

Член 3

1) Натпреварите се организираат на општинско, регионално и државно ниво.
2) Општинските, регионалните и државните натпревари ги организираат акредитирани здруженија на наставници (во натамошниот текст: здруженија на наставници) по одделни наставни предмети, области или квалификации во стручното образование.
3) Право на учество на државен натпревар имаат учениците кои на општинскиот или регионалниот натпревар постигнале резултати согласно со критериумите утврдени од здруженијата на наставници.
4) Доколку на ниво на општина или регион не постојат услови за организирање општински или регионален натпревар, согласно со член 10 од овој правилник, учениците имаат право директно да учествуваат на државниот натпревар.

## II.ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА НАТПРЕВАРИТЕ

Член 4

Целите на организирањето и изведувањето на натпреварите се:

- вреднување на нивото на стекнатите знаења, умеења и вештини на учениците;
- препознавање и афирмирање на училиштата преку резултатите на нивните ученици, со цел унапредување на нивниот углед и атрактивност;
- откривање на ученици кои се надарени или талентирани за одредена област;
- збогатување на наставниот процес со проширени и продлабочени содржини за учениците кои покажуваат интерес по одделни наставни предмети;
- подобрување на квалитетот на образованието;
- промовирање на постигањата на учениците и воспитно-образовната работа на средните училишта;
- поттикнување на натпреварувачкиот дух, тимската работа и развивање на толеранцијата кај учениците; и
- учество на меѓународни натпревари.

Член 5

Натпреварите се одржуваат заради:

- размена на искуства и добри практики меѓу наставниците;
- поттикнување на професионалниот развој на наставниците;
- промоција на учениците;
- проширување на заемната соработка меѓу училиштата, како и нивната соработка со други институции;
- медиумска промоција на постигањата од воспитно-образовната работа и
- промовирање на општествената одговорност на компаниите како форма на поддршка на натпреварите.

## III.ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАТПРЕВАРИТЕ

Член 6

1) За организирање на натпреварите, здружението на наставници поднесува барање до Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството) за акредитација и организирање натпревари по објавен јавен повик.
2) Јавниот повик од ставот (1) на овој член се објавува на интернет-страницата на Министерството во четвртиот квартал од тековната година.
3) При поднесување на барањето за акредитација, здружението на наставници доставува документација согласно со член 24-а став (8) од Законот за средното образование.
4) Доколку на јавниот повик се пријават две или повеќе здруженија на наставници кои ги исполнуваат условите од член 24-а став (7) и став (8) од Законот за средното образование,

Комисијата за акредитација на здруженија на наставници одлучува врз основа на дополнителен критериум.

5) Дополнителен критериум од ставот (4) на овој член е:
   - во последните пет (5) години здружението на наставници има освоено места, награди или медали на меѓународни натпревари и меѓународни научни олимпијади, на кои учествувало со сопствена екипа или каде водачи биле членови на здружението (доказ: фотокопии од дипломи/сертификати за освоени места/награди на учениците и сертификати за учество на водачите).

6) Дополнителниот критериум нема да се земе предвид од страна на Комисијата за акредитација доколку здружението на наставници кое поднело барање за нова акредитација, претходно имало одземена акредитација поради утврдени нерегуларности при спроведувањето на натпреварите во период од три (3) години наназад од денот на аплицирањето. Во таков случај, предност имаат останатите здруженија што се пријавиле на јавниот повик, доколку ги исполнуваат условите од член 24-а став (7) и став (8) од Законот за средното образование.

7) Здружението на наставници за организација на натпреварите се акредитира за период од три учебни години.

8) За организирање на натпреварите се акредитира по едно здружение на наставници по одделни наставни предмети, области или квалификации во стручното образование.

9) За учество на учениците на општински, регионални и државни натпревари, за кои училиштето или основачот обезбедува средства за котизација, задолжително е претходно рангирање на учениците на училишно ниво, согласно со претходно утврден план на критериуми од страна на наставничкиот совет на училиштето.

10) Планот на критериуми од ставот 9 на овој член, се изготвува врз основа на:

- предлози за натпревари од страна на наставниците на училиштето, изготвени од страна на стручните активи на наставници по одредени области, врз основа на бројот на надарени и/или талентирани ученици за наставните предмети од областа на активот;
- финансиските можности на училиштето за покривање на трошоците за котизација за учество на натпревари и утврдената квота за бројот на ученици за кои може да се плати котизација од страна на училиштето и/или општината за секој наставен предмет, област или квалификација во стручното образование за кои се планира учество на натпревар;
- утврдениот минимум поени за учество на повисоко ниво на натпреварување (општински, регионален и државен натпревар) по одделни наставни предмети, области или квалификации во стручното образование.

11) Бројот на ученици кои имаат право на бесплатно учество на повисоко ниво на натпреварување (општински, регионален и државен натпревар) се утврдува со одлука на наставничкиот совет на училиштето, во согласност со годишниот финансиски план на училиштето и врз основа на утврдениот план од ставот (10) на овој член.

12) Минимумот на поени за учество на повисоко ниво на натпреварување се утврдува со одлука на наставничкиот совет на училиштето, а на предлог на активите на наставниците по одделни наставни предмети, области или квалификации во стручното образование.

13) Учениците кои се рангирале за повисоко ниво на натпреварување (општински, регионален и државен натпревар), согласно утврдената квота за секој наставен предмет, се ослободуваат од котизација, а трошоците ги покрива училиштето или основачот.
14) Учениците кои не се рангирале во утврдената квота по наставниот предмет, област или квалификација во стручното образование на училишниот натпревар, можат да продолжат на повисоко ниво на натпреварување само доколку го исполнуваат утврдениот минимум на поени од ставот (10), алинеја (3) на овој член.
15) За учениците од ставот (14), котизацијата ја плаќаат родителите или старателите на учениците.
16) Натпреварите задолжително се планираат во годишната програма за работа на училиштето.
17) Здружението на наставници на својата интернет-страница секоја година јавно ги објавува прашањата, зададените задачи и/или темите што се користеле на општинските, регионалните и државните натпревари на учениците од претходната година. Исто така, истите треба да бидат преведени на сите наставни јазици на кои имало учесници на натпреварите.

Член 7

1) Здруженијата на наставници, во рамки на тригодишниот календар за спроведување на општински, регионални и државни натпревари во средните училишта, го утврдуваат месецот и годината на одржување на натпреварите на соодветно ниво (општинско, регионално и државно).
2) Конечните датуми и времето на одржување на натпреварите се утврдуваат по претходна координација помеѓу претседателите на акредитираните здруженија, со цел да се избегне преклопување на датумите на натпреварите.
3) Датумите и времето од ставот (2) на овој член здруженијата на наставници ги објавуваат на својата официјална интернет-страница.

Член 8

1) Здружението на наставници со правилник за организирање на натпреварите го уредува начинот на организација на натпреварите, поблиските критериуми за организирање и изведување на натпреварите, целите на натпреварите и вреднувањето на резултатите на учениците.
2) На здруженијата на наставници им се одзема акредитацијата во следните случаи:
   поради непочитување на одредбите од Законот за средното образование и овој правилник;
   - доколку прашањата на натпреварот не се усогласени со наставната програма;
   - доколку не бидат испочитувани критериумите за организирање на натпреварите;
   - доколку има недоследности во рангирањето на тестовите; или
   - поради непочитување на тајноста на тестовите.

3) По поднесена пријава од ученици/наставници до Министерството за образование и наука за утврдени нерегуларности при спроведувањето на државните натпревари од страна на здруженијата на наставници, министерот за образование и наука (во натамошниот текст: министерот) формира Комисија за утврдување на нерегуларности.
4) По поднесена пријава за утврдени нерегуларности при спроведувањето на општински и/или регионални натпревари од страна на ученици/наставници, здружението формира Комисија за утврдување на нерегуларности и одговорноста за истите ја има здружението.
5) Комисијата од ставот (3) на овој член е составена од три члена, и тоа: по еден член од Министерството, Бирото за развој на образованието, односно Центарот за развој на стручното образование и од Државниот просветен инспекторат.
6) Комисијата за утврдување на нерегуларности може да ја одбие поднесената пријава како неоснована, да даде писмена опомена на здружението на наставници за отстранување на утврдените нерегуларности со утврден рок за постапување, или да даде предлог до министерот за одземање на акредитацијата на здружението на наставници.
7) Доколку здружението на наставници не ги отстрани нерегуларностите во утврдениот рок, Комисијата за утврдување на нерегуларности дава предлог до министерот за одземање на акредитацијата на здружението на наставници.

## IV.ПОБЛИСКИ КРИТЕРИУМИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ, РЕГИОНАЛНИ И ДРЖАВНИ НАТПРЕВАРИ

### Член 9

Поблиските критериуми за организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни наставни предмети, области или квалификации во стручното образование се следните:

- акредитираните здруженија на наставници организираат општински и/или регионални и државни натпревари за наставни предмети или области или квалификации,
- државниот натпревар по одделен наставен предмет, или области или квалификации, може да се одржи доколку има пријавено најмалку три ученици,
- ученикот се натпреварува на јазикот на кој ја следи наставата, освен ако учествува на натпревар по мајчин или странски јазик,
- за учество на ученици за секое наредно ниво на натпреварување (општински, регионален и државен натпревар), селекцијата се врши врз основа на постигнатите резултати и ранг-листата од претходните нивоа на натпревари,

- Преминувањето на учениците на повисоко ниво на натпреварување, односно во регионален и/или државен натпревар, се врши согласно критериумите и условите утврдени од здружението на наставници,

- Доколку за првото место на натпревар на државно ниво повеќе ученици или групи на ученици постигнат ист број бодови, здружението на наставници кое го организира натпреварот утврдува дополнителни критериуми, согласно Правилникот за организирање на натпреварите на здружението на наставници,
- Здружението на наставници кое го организира натпреварот на државно ниво може да прогласи само еден ученик или само една група ученици за освоено прво место на натпреварот,
- домаќин на државниот натпревар може да биде установа/институција која ја определило здружението на наставници, со претходно добиена согласност од страна на раководното лице на установата/институцијата,
- содржините/програмите за натпреварите по одделни наставни предмети, или области или квалификации ги определува здружението на наставници, согласно наставните планови и програми,
- времетраењето на натпреварувањето и бројот на прашања/задачи го определува здружението на наставници кое го спроведува натпреварот,
- набљудувачите кои го следат натпреварот ги определува здружението на наставници во соработка со раководното лице на училиштето, односно факултетот,
- начинот на проверка на знаењето, умеењето, вештините и способностите, односно начинот за лично претставување и уметничка интерпретација го определуваат комисии формирани од здружението на наставници кое го спроведува натпреварот,
- незадоволниот учесник на натпреварот (ученикот или неговиот наставник) може да поднесе приговор до Комисијата за одлучување по приговори формирана од здружението на наставници кое го организира натпреварот од член 11 став (7),
- временскиот период на одлучување по поднесениот приговор од алинеја 13 на овој член и објавувањето на конечните резултати од натпреварот од страна на организаторот не смее да биде подолг од пет работни дена од денот на објавување на прелиминарната ранг-листа,
- здружението на наставници по одржувањето на натпреварите подготвува скала за бодовите потребни за освојување награди и за освоено прво, второ или трето место на државен натпревар по одделен наставен предмет, или области или квалификации, ученикот добива диплома, неговиот наставник сертификат, а за останатите учесници здружението на наставници може да издаде диплома за освоена прва, втора или трета награда и потврда/пофалница за учество на натпреварот,
- Доделувањето на наградите (прва, втора и трета) се врши врз основа на скалата за бодови од алинеја 15 на овој член, при што повеќе ученици или групи ученици можат да освојат иста награда,
- Доделувањето на првото место се врши меѓу учениците или групите ученици кои ја добиле првата награда, при што може да биде избран само еден ученик или една група ученици – оној/онаа што има освоено најголем број бодови според скалата.

Член 10

1) Плаќањето на котизацијата ги опфаќа сите три нивоа на натпреварување: општинско, регионално и државно ниво.
2) Доколку во одредена општина постои само едно средно училиште и поради тоа не се организира општински натпревар, котизацијата ги опфаќа регионалниот и државниот натпревар по соодветниот наставен предмет, односно област, односно квалификација во стручното образование.
3) Доколку во рамките на определен регион не се пријавени ученици од повеќе општини, при што не постојат услови за организирање регионален натпревар, пријавените ученици учествуваат директно на државниот натпревар.
4) Независно од тоа дали во одредена општина или регион се организира натпревар согласно ставовите (2) и (3) на овој член, котизацијата на здружението задолжително се плаќа и ја опфаќа организацијата на натпреварите на сите три нивоа: општинско, регионално и државно.

## V. ВРЕДНУВАЊЕ, РАНГИРАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД НАТПРЕВАРИТЕ

Член 11

1) Начинот на вреднување на резултатите и рангирањето на учениците на натпреварот е во надлежност на комисија за вреднување на резултатите и рангирањето, која во зависност од видот на натпреварот може да биде општинска, регионална или комисија за државен натпревар, формирана од страна на здружението на наставници.
2) Комисијата за државниот натпревар се состои од најмалку тројца членови од редот на членовите на здружението на наставници кое го организира натпреварот.
3) При одржување на државниот натпревар задолжително присуствува претставник од Бирото за развој на образованието, односно од Центарот за развој на стручното образование, како набљудувач.
4) Здружението на наставници навремено доставува писмено барање или преку официјалната електронска адреса до Бирото за развој на образованието, односно до Центарот за развој на стручното образование, за номинација на набљудувач на државниот натпревар.
5) Набљудувачот од ставот 3 на овој член, врши набљудување на проверката на знаењата на учениците на државниот натпревар.
6) Прелиминарната ранг-листа од натпреварот е јавна и се објавува на официјалната интернет страница на здружението на наставници.
7) Здружението на наставници формира Комисија за одлучување по приговори, составена од најмалку тројца (3) членови од редот на членовите на здружението кое го организира

натпреварот. Вкупниот број на членови на Комисијата го утврдува претседателот на здружението, во зависност од бројот на пристигнатите приговори.

8) Конечната ранг-листа од натпреварот е јавна и се објавува на официјалната интернет страница на здружението на наставници, откако ќе се разгледаат приговорите од страна на комисијата од став 7 на овој член.
9) Здружението на наставници може да утврди и други видови награди за учесниците на натпреварот, како и награди од страна на донаторите и спонзорите.
10) Дипломите, сертификатите, потврдите и пофалниците ги потпишува претседателот на здружението на наставници.

Член 12

1) Здружението на наставници по завршувањето на натпреварите, најдоцна во рок од 15 дена на својата интернет страница објавува извештај за резултатите од сите нивоа на натпреварување.
2) Здружението на наставници по завршувањето на државниот натпревар до Министерството доставува извештај за резултатите од натпреварот, во рок најдоцна до 30 дена од објавувањето на конечните ранг листи.
3) Извештајот од ставот 2 на овој член, треба да ги содржи следните податоци:
   - назив на натпреварот и име на здружението на наставници коешто го спроведувало натпреварот,
   - место и време на одржување на натпреварот,
   - број на учесници, број на наградени ученици, нивни наставници (табеларен приказ-име и презиме на ученикот/група ученици, име и презиме на нивниот наставник, година на образование/паралелка, освоено место, назив и место на училиштето во кое учи ученикот),
4) линковите до табелите со конечни резултати од сите нивоа на натпреварување објавени на веб страницата на здружението,
5) табеларен приказ на бројот на учесници по класови по сите нивоа на натреварување,
6) табеларен приказ на бројот на наградени учесници по класови и награди по сите нивоа на натреварување.

## VI. ЕЛЕКТРОНСКО ПРИЈАВУВАЊЕ НА ОСВОЕНИ МЕСТА НА ДРЖАВНИТЕ НАТПРЕВАРИ

Член 13

1) За освоено прво место на државен натпревар во тековната учебна година, ученикот или групата ученици, односно нивниот наставник, пополнуваат електронска пријава и ја прикачуваат соодветната документација во електронска форма, до Министерството за образование и наука, со употреба на средства за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

2) Пријавувањетоод ставот 1 на овој член е најдоцна до 31 декември во тековната година кога е организиран државниот натпревар, согласно член 24-а став (16) од Законот за средното образование.
3) Електронската пријава треба да ги содржи следните податоци и докази:
   - име и презиме на ученикот/група ученици, односно нивниот наставник,
   - диплома за ученикот и сертификат за неговиот наставник,
   - адреса на живеење, контакт телефон и електронска пошта на ученикот и неговиот наставник,
   - ЕМБГ на ученикот и неговиот наставник,
   - број на трансакциска сметка и име на банката депонент на ученикот и неговиот наставник
   - изјава за давање согласност за обработка на лични податоци

## VII.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 14

Заради заокружување на процесот на организирање и изведување на натпревари од страна на акредитираните здруженија на наставници на кои акредитациите им истекуваат во текот на учебните 2025/2026 или 2026/2027 или 2027/2028 година, истите продолжуваат да важат до крајот на наведените учебни години.

### Член 15

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во средното образование бр.19-2249/1 од 05.03.2013 година, бр.20-2928/1 од 02.03.2017 година, бр.13-5583/1 од 29.03.2021 година, бр.13-5583/2 од 31.03.2021 година и бр.13-3711/1 од 29.03.2024 година.

### Член 16

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**МИНИСТЕРКА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА,**
**проф. д-р Весна Јаневска, с.р.**

Бр. 13-15652/1

15 декември 2025 година
Скопје